"ПУЛС" - 16.07.1992 г.

*Хепенинг*

# ФАСЦИНАЦИЈА ОД ОГНОТ

Се чини веќе свикнавме младата екипа на Културно-просветната заедница на Скопје секоја година, во рамките на манифестацијата Скопско културно лето, да ни нуди понекој настан кој излегува од рамките на традиционалното сфаќање на уметноста, давајќи им шанса за поширока промоција и на претставниците на најмладата творечка генерација наши уметници. Дури, би се рекло дека ова нивно настојување, меѓу другото, направи за постојаната публика на СКЛ вакви от тип на уметнички појави, што во некоја друга средина би биле третирани како варијанти на „off“ или дури како „off-off уметност“, да бидат сосема прифатлив претекст за естетско доживување.

Една од авторите која и порано со свои проекти има учествувано на СКЛ, што ќе рече дека веќе ѝ е добро позната на скопската публика (особено младата) е и **Искра Димитрова**, автор на мултимедијалниот хепенинг што во вторникот се случи во Куршумли ан. И овојпат, Димитрова ни понуди едно свое видување на синкретичните прапочетоци на уметноста (или, можеби, визија за една уметност на иднината, која ќе ги надмине ограничувањата на специфичните традиционални дискурси на поодделните уметности), кое, конкретно, се надоврзува на духовното наследството на паганската религија на старите Словени.

„И во овој мој проект“, вели Димитрова, „се обидувам да реконструирам, секако не во буквална, туку повеќе во суштинска смисла, некакво старословенско 'свето место' користејќи ги, како и во случајот на проектот 'Сарансака' што беше изведен лани, митот за самовилите и традиционалните лунарни симболи (пајажината, водата...). Од ликовна гледна точка тоа е обид да се создаде еден амбиент чија метафорична содржина ќе ја доизразат и другите елементи на проектот: музиката (за што соработник најдов во **Горан Трајковски**) и анимацијата на просторот што го изведуваат три млади актерки. Инаку, намерата ни беше да им принудиме на гледачите широко да ги отворат своите сетила кон едно сеопфатно чувствување на природата, онака како што, сметам, тоа го чинеле древните луѓе“.

Инаку, она што нам ни се стори како најмаркантен белег на хепенингот на Димитрова, особено што тој беше карактеристичен и за нејзиното минатогодишно претставување, е употребата на еден, од концептуален аспек вонредно ефектен и, би рекле, крајно оригинален елемент. Имено, Димитрова - која, патем, и од аспект на формалното образование е „склуптор“ (беше студент на **Петар Хаџи Бошков**) - како „материјал“ го користи огнот, поточно, ја потенцира онаа фасцинација што луѓето на сите времиња и сите култури ја доживуваат во контактот со него. Конкретно, таа, како возбудливо финале на сè она што таа вечер се случуваше во „Куршумли ан“, ни понуди глетка на огнот кој тивко ги голта преплетите од влачана волна, положени како пајажина преку елементите на конструкцијата со која беше дефиниран просторот на хепенингот.

Секако, Димитрова и самата е свесна колку ризичен потфат е одлуката склупторот да се користи со „материјал“ кој, во суштина, е негација на материјалното постоење на нештата, па оттаму и негација на некои темелни постулати на западноевропското сфаќање на склупторскиот медиум. Сепак, таа вели дека онаа сурова природна елементарност на огнот толку многу ја има опседнато што напросто не размислува за „трајноста“ на своето „дело“. „Се надевам“, вели, „само на тоа дека барем дел од присутните го поделија со мене тоа возвишено чувство. Тоа ми е дури поважно и од тоа дали некој рационално го разбира целиот проект“. ∎



**Преиспитување на границите на уметноста: Од завчерашниот мултимедијален хепенинг на Искра Димитрова**